# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр./Nr. 08 – 3594/1
14 - 01 2022 год./viti.
Скопје - Shkup

**Име на програмата:**

***БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА***

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

***Повеќе организациски единици во рамките на министерството за внатрешни работи***

**Вид на програмата**

✓ **Хоризонтална**

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026:**

Уставот на Република Северна Македонија ги гарнтира основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Во насока на гаранција на овие права и во согласност со Универзалананата декларација за човекови права донесени се низа од закони во кои преку утврдени законски механизми овозможуваат почитување на овие загарантирани права.

Во ново донесената Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026 предвидено е воспоставување на сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените. Во поглавјето 13 “Родово базирано насилство“е констатирано дека насилството врз жените и натаму е честа појава во Северна Македонија. Во ова поглавје, делот 13.2 е посветен на трговија со луѓе. Констатирано е дека жртвите на трговија со луѓе во Северна Македонија потекнуваат од земјава и од странство, претежно од Источна Европа, и се главно жени и девојки кои се експлоатираат за сексуална работа и работа во ресторани, барови и ноќни клубови. Мигрантите кои поминуваат низ земјата, исто така, се ранлива категорија.

Истовремено, во Стратегијата се препознава напредокот кој државата го прави последниве години, но остануваат проблемите со капацитетите на структурите кои работат на овој проблем, односно недостатокот од значајни ресурси, финансии и персонал во полициските тимови и обвинителството за успешно справување со сите случаи на трговија со луѓе, недоволните капацитети за сместување и заштита на жртвите, тешкотиите во идентификувањето на жртвите, како и можноста од постоење корупција.
За подобрување на состојбата во однос на трговијата со луѓе, потребно е подобрување на капацитетите за проактивно идентификување и гонење на случаи на трговија со луѓе, соработка со граѓански организации за овозможување заштита за жртвите на трговија со луѓе, подобрување на капацитетите за сместување на жртви на трговија со луѓе, подобрени обуки за сите засегнати чинители, како и подобрување на механизмите за компензација на жртвите.
Истовремено, Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција која има интеринституционален состав е формирана со цел да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување на сите институции вклучени во борбата против трговијата со луѓе. Постои комбинирана надлежност на повеќе институции во справувањето со трговијата со луѓе и илегалната миграција, и истите се координирани од страна на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.
Воедно информираме дека, донесена е Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2021-2025.

**Краток осврт на програмата:**
Трговијата со луѓе и илегалната миграција се глобален проблем. Либерализацијата на сфаќањата и односите, ослободувањето на сексуалноста од стегите на примитивизмот и традиционалноста доведува до рапиден пораст на проституцијата, која нужно ја стимулира и појавата на криминалитетот трговија со луѓе. Трговијата со луѓе е криминалитет со историска димензија. Се јавува во сите етапи од развојот на општеството, адаптирајќи се кон постојните услови. Трговијата со луѓе е криминалитет на организираност и кршење на човековите права на лицата жртви на трговија со луѓе во кој организаторите се стекнуваат со енормно високи профити преплетувајќи низа други криминални активности (перење пари, тргување со дрога, нелегално финансирање и сл.). Трговијата со луѓе е олеснета поради отворените граници и напредните комуникациски технологии. Карактеристиката на испреплетеност на повеќе видови криминалитет, овој вид на организиран криминал го прави тежок за откривање, превенирање и сузбивање. Истовремено пак, илегалната миграција преку мешаните миграциски текови има тренд на зголемување и меѓународните криминални мрежи ја користат територијата на РСМ како

транзитна земја, дел од западнобалканскиот коридор за криумчарење мигранти, со цел да стигнат до земјите на дестинација во Европската Унија.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Во Република Северна Македонија со цел зголемување на ефикасноста на полицијата и обвинителството во сузбивањето на организираните форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе во 2018 година формирана е Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force). Националната единица е задолжена за водење на проактивни и реактивни истраги, разузнавачка дејност насочена кон рана идентификација на жртвите, детектирање и гонење на сторителите, собирање сознанија за финансиски средства, како и спроведување на финансиски истраги во содејство на Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи. Акцентот е ставен на јакнење на меѓуинституционалната соработка која како форма на делување покажа резултати за ефективно сузбивање на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Претставници од Националната единица учествува и во работата на мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговијата со луѓе, со што се обезбедува координација и соработка меѓу МВР, Јавно обвинителство и МТСП со цел поефикасна и навремена идентификација на ранливите категории лица.

Резулатите постигнати од работењето во тековната година на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе се објавуваат во Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, кој содржи родово разделени податоци.

Истовремено, со цел успешно справување со борбата против трговијата со луѓе, се утврди потреба од формирање на оперативен тим во чиј состав ќе членуваат надлежните институции за идентификација на жртви на трговија со луѓе. Надлежност на овој оперативен тим е предвидено да биде меѓусебна институционална координација во идентификација на жртви од трговија со луѓе.

Воедно, утврдена е потреба од понатамошно спроведување на основни и напредни обуки кои исклучиво ќе бидат наменети за лицата кои работат во оперативните тимови, како и за полициски службеници од централно и регионално ниво. Овие обуки ќе треба да се спроведуваат по однапред утврдена и унифицирана програма и модули за обука.

Во однос на податоци со кои до сега располагаме од областа на трговија со луѓе и илегална миграција на територија на Р.Северна Македонија ги издвојуваме:

## БРОЈ НА ИЗВРШЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

| Регистрирани кривични дела | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **член 418-а**[1] трговија со луѓе | **член 418-б**[2] криумча-рење на мигранти | **член 418-в**[3] | **Член 418-г**[4] трговија со малолетно лице |
| **2013** | 0 | 52 | 5 | 1 |
| **2014** | 1 | 94 | 17 | 0 |
| **2015** | 0 | 144 | 2 | 2 |
| **2016** | 1 | 80 | 1 | 5 |
| **2017** | 0 | 13 | 3 | 1 |
| **2018** | 0 | 44 | 6 | 10 |
| **2019** | 0 | 49 | 8 | 5 |
| **2020** | 0 | 65 | 5 | 0 |

Табела за регистрирани кривични дела по член 418-а, член 418-б, член 418-в и член 418-г

[1] Трговија со луѓе-Член 418-а од Кривичен Законик на РСМ: Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело.

[2] Криумчарење на мигранти -Член 418-б од Кривичен Законик на РСМ: Тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправи со таква цел.

[3] Член 418-в од Кривичен Законик на РСМ: Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривични дела од членовите 418-а, 418-б, 418-г и 418-д; Тој што ќе стане припадник на група, банда или друго здружение или на друг начин ја помага групата, бандата или здружението; Тој што повикува, поттикнува или поддржува извршување на кривичните дела од членовите 418-а, 418-б, 418-г и 418-д.

[4] Трговија со малолетно лице Член 418-г од Кривичен Законик на РСМ: Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело.

- **БРОЈ НА КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ** (официјалната статистичка евиденција на Министерството за внатрешни податоци не содржи податок за поднесени кривични пријави, туку за регистрирани кривични дела)

- **БРОЈ НА ЖРТВИ (МАЖИ/ЖЕНИ/ДЕЦА)-официјална статистика на идентификувани жртви на трговија со луѓе од институциите надлежни за идентификација**

  **2014 год. – 8 (7 жени, 1 маж од нив 6 се деца)**
  **2015 год. – 4 (сите од женски пол, од кои 3 се деца)**
  **2016 год. – 6 (сите од женски пол, од кои 3 се деца)**
  **2017 год. – 2 (двете деца, едно од женски едно од машки пол)**
  **2018 год. – 9 (сите од женски пол од кои 6 се деца)**
  **2019 год. – 6 (сите од женски пол од кои 4 се деца)**
  **2020 год. – 7 (6 жени, 1 маж од нив 6 се деца)**

- **БРОЈ НА ЖРТВИ (МАЖИ/ЖЕНИ/ДЕЦА)-број на жртви по случаи од поднесени кривични пријави**

**Жртви на кривични дела „трговија со луѓе“ по член 418-а**
2014 год.-1 (женски пол)
2016 год.-2 (женски пол)

**Регистрирани лица откриени при извршување на кривично дело „криумчарење на мигранти“ по член 418-б (во официјалната статистика, податоците за овие лица по ова кривично дело не се водат родово разделени)**
2013 год.-370 лица
2014 год.-693 лица
2015 год.-1.005 лица
2016 год. -1.014 лица
2017 год.-218 лица
2018 год.- 891 лица
2019 год.- 1.529 лица
2020 год.-2.723 лица

**Лицата (жртви или мигранти) откриени при сторување на кривично дело по член 418-в од КЗ се евидентираат како жртви на трговија со луѓе по член 418-а или трговија со малолетно лица по член 418-г, додека доколку станува збор за мигранти се евидентираат по член 418-б.**

**Жртви на кривични дела „трговија со дете" по член 418-г**

2013 год.-1 (женски пол)

2014 год.-нема

2015 год.-2 (женски пол)

2016 год. -2 (женски пол)

2017 год.-1 (машки пол)

2018 год.- 5 (женски пол)

2019 год.- 3 (женски пол)

2020 год.-нема

- БРОЈ НА ИДЕНТИФИКУВАНИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЖРТВИ, СМЕСТЕНИ ВО ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ

2013 година: 12 од кои 12 се жени;

2014 година: 9 од кои 8 се жени и 1 дете;

2019 година: 2, двете се жени

- БРОЈ НА СМЕСТЕНИ ЛИЦА ВО ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ

2013 год.-573 (62 жени, 511 мажи од нив 80 деца)

2014 год.-893 (133 жени, 763 мажи од нив 146 деца)

2015 год.-1346 (нема родово разделен податок)

2016 год. -750 (169 жени, 581 мажи од нив 197 деца)

2017 год.-131 (10 жени, 121 мажи од нив 9 деца)

2018 год.-317 (37 жени, 280 мажи од нив 56 деца)

2019 год.-319 (15 жени, 304 мажи од нив 33 деца)

2020 год.-119 (13 жени, 106 мажи од нив 4 деца)

## 3. Предложени интервенции (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Во согласност со Стратегиите, предложени се следниве интервенции:

1. Со цел зајакнување на капацитетите на координативните структури заради ефикасно и ефективно работење, потребно е назначување на оперативен тим за координација и управување со случај на Трговија со луѓе, формална идентификација на жртва на трговија со луѓе и нејзиниот статус;
2. Со цел подобрување на капацитетите и можностите на надлежните институции за навремено и ефикасно откривање и идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе и жртва на трговија со луѓе, потребно е организирање основна и напредна обука на полициски службеници од МВР на централно и регионално

ниво за примена на индикатори и проактивни методи за рано откривање и идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе и жртва на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви;

3. Со цел обезбедување целосна заштита и помош на идентификуваната потенцијална жртва на трговија со луѓе или жртва на трговија со луѓе, ранливи категории мигранти под висок ризик од трговија со луѓе, вклучувајќи ги и барателите на азил под ризик од трговија со луѓе во согласност со меѓународните стандарди, потребно е подготвување/ажурирање наставни програми-модули за обука на персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци и организирање мултидисциплинарни обуки за персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци за работа со жртви на трговија со луѓе и ранливи категории под висок ризик од трговија со луѓе;
4. Подготвување информативен материјал за правата на потенцијална жртва на трговија со луѓе/жртва на трговија со луѓе, ранливите категории мигранти, на повеќе јазици, и негово дистрибуирање веднаш по самото сместување во Центар за жртви на трговија со луѓе или Прифатниот центар за странци;
5. Спроведување на проактивни истраги на организирани криминални групи кои вршат кривични дела од областа на трговија со луѓе и криумчарење мигранти од страна на Националната единица за спречување на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, откривање на дела, обезбедување докази за кривичен прогон на сторителите, поднесување на кривични пријави, идентификација на жртви и нивна заштита и упатување до други надлежни институции за понатамошна заштита согласно законската регулатива.

## 4. Очекувани резултати од програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

- Подобрување на комуникацијата и ефикасноста во делувањето на координативните структури кои се вклучени во процесот на идентификација на ранливи категори и жртви на трговија со луѓе, преку формираниот оперативен тим за координација и управување со случај на трговија со луѓе (идентификација на жртва на трговија со луѓе и нејзиниот статус);
- Водење на родово разделена статистика по сите основи во областа на трговија со луѓе и илегална миграција;
- Унапредување на професионалните вештини на полициски службеници во министерството на центрано и регионално ниво во насока на примена на методите

за рано откривање и идентификување на потенцијална жртва/жртви на трговија со луѓе;

- Доследна примена на донесени наставни Програми-модули за обука на персоналот вклучен во Центарот за жртви за трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци;
- Стекнување на знаење и вештини за квалитетно постпување и прифаќање на жртвите од трговија со луѓе од страна на персоналот вклучен во надлежните Центри со одржани мултидисциплинарни едукации, со посебен осврт на жените и девојчињата;
- Подобрување на пристапноста до информации за првата на потенцијалната жртва/жртва на трговија со луѓе, со цел навремено информирање на жртвите, веднаш по сместувањето во Центарот за жртви за трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство и Прифатниот центар за странци.
- Обезбедување континутет во функционирањето на Националната единица за сузбивање на криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе (НЕСКМТЛ) во насока на ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривични дела-трговија со луѓе и криумчарење на мигранти;

## 5. Аутпут индикатори

1. Формиран оперативен тим (составен од жени и мажи), со предложени членови од различни институции (МВР, ЈО, МТСП, ЦЖТЛ) кој координира и управува со случаи на трговија со луѓе/идентификација на жртва и нејзиниот статус (број на случаи);
2. Подобрена идентификација на жртви на трговија со луѓе за 30% до 2025 година и подобрена ресоцијализација и реинтеграција на жртвите во безбедна средина;
3. Број на спроведени обуки, број на обучени полициски службеници (родово разделени), и % на стекнато знаење
4. Подготвени програми-модули односно донесени нови програми – модули за обука или ажурирани и усвоени, број на обуките и обучените лица и % на стекнатото знаење
5. Број на обуки и број на обучени работници во прифатните центри
6. Број на подготвениот и поделениот информативен материјал, број на информирани лица
7. 20% зголемување на ефикасноста во откривањето и гонењето на сторителите на кривични дела трговија со луѓе и криумчарење мигранти, поднесени кривични пријави и најмалку 5 идентификувани жртви на трговија со луѓе.

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Во рамките на буџетот на МВР на РСМ преку буџетската програма Г2 се обезбедени средства за програмата Борба против трговија со луѓе и илегална миграција, а воедно бидејќи повеќе организациски единици во рамките на МВР се вклучени во активности за спроведување на програмата за таа намена се релизираат средства и од други програми од буџетот на МВР и добиени донации.

Министер
Оливер Спасовски